*Образложение кон Буџетот на општина Новаци*

*За 2025 година*

**Извори на финансирање приходи на општина Новаци**

**Планирани извори на приходи од кои ќе се финансираат расходите на Општина Новаци во Буџетот за 2025 година се од:**

**1.Даночни приходи**

**2.Неданочни приходи**

**3.Капитални приходи**

**4.Трансфери и донации**

**Приходите вна Буџетот на општината за 2025 година се планирани согласно законските рамки и досегашниот тренд на наплата од изворните приходи и дотации од Буџетот на република Македонија и со Буџетот за 2025 година се планирани износи кои се дадени во табелата:**

| | |
|---|---|
| **Даночни приходи** | **13.826.276,00** |
| **Неданочни приходи** | **3.100.000,00** |
| **Капитални приходи** | **62.085.000,00** |
| **Приходи од дотации** | **49.570.646,00** |
| **Трансфери** | **73.030.339,00** |
| **Приходи од донации** | **18.300.000,00** |
| **Вкупно:** | **219.912.261,00** |

**а.)Даночни приходи**

**Даночните приходи за 2025 година се планирани во износ од 13.826.276,00 и тоа распределени за:**

**-Данок од доход,од добивка и од капитални добивки**

**-Даноци од имот**

-Даноци на специфични услуги

-Такси за користење или дозволи за вршење на дејност

Б.)Неданочни приходи

Неданочните приходи  во вкупниот Буџет на општина Новаци за 2025 со износ од 3.100.000,00 се состои од:

-Глоби,судски и административни такси

-Такси и надоместоци

-Други владини услуги

-Други неданочни приходи

В.)Капитални приходи

Структурата на капиталните  приходи ја сочинуваат продажбата на државното земјиште и нематеријалните вложувања во  износ од 62.085.000,00

Г.)Тансфери и донации

Учеството на трансферите од други нивоа на власт и донации од странство во вкупниот Буџет на општина Новаци за 2025 година се застапени со следниве износи:

-Тансфери од други нивоа на власт 73.030.339,00.

-Донации од странство    18.300.000,00

## Планирани буџетски расходи на општина Новаци

Вкупните планирани расходи на општина Новаци за 2025 година изнесува 219.912.261,00 денари и со тоа се запазува буџетското правило на билансирани приходи и расходи.Истите се утврдени по одредени намени и видови:

-Плати и надоместоци

-Резерви и недефинирани расходи

-Стоки и услуги

-Каматни плаќања

-Субвенции и трансфери

-Социјални бенефиции

-Капитални расходи

-Отплата на главнина

## Тековно оперативни расходи

Согласно законската регулатива општинскиот Буџет се следи преку различни видови на расходи,односно тековно-оперативни и капитални расходи.

Во рамките на тековно-оперативните расходи доминираат расходите за плати,наемнини,надоместоци за вработените како и плати во образованието со што се обезбедува редовна функција на основното училиште.

## Резерви и недефинирани расходи

Постојаната резерва се употребува за расходи настанати како последица на природни и други несреќи ,како што се:суша,земјотрес,пожар,поплави и други природни односно еколошки несреќи во согласност со законот,животински заразни болести и растители штетници.

Средствата од тековната резерва се користат кога за одредени итни потреби на општината или нејзините буџетски корисници не се обезбедени средства или не се обезбедени во доволен износ.

Советот на општината со одлуката за извршување на буџетот на општината,или со посебен акт ја пределува употребата на средствата за претходно утврдените намени.

## Стоки и услуги

Поради превземањето на поголем број надлежности во 2025 година планираниот дел на Буџетот на општина Новаци се однесува на стоки и услуги наменет за потребите на локалната самоуправа и основните училишта:

-Патни и дневни расходи

**-Комунални услуги, греење,комуникација и транспорт**

**-Материјали и ситен инвентар**

**-Поправки и тековно одржување**

**-Договорни услуги**

**-Друи тековни расходи**

**-Привремени вработувања**

## Субвенции и трансфери

**Субвенции и трансфери опфаќа трансфери до невладини организации и разни трансфери:**

**-Трансфери до невладини организации**

**-Разни трансфери**

## Социјални бенефиции

**Групата социјални бенефиции ги опфаќа социјалните надоместоци.**

## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

**Капиталните расходи во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти,изградба на улици и патишта и изградба на други објекти.Дел од средствата се планираат за изградба на системи за водоснабдување,уредување на просторот во**

**руралните подрачја и др. Овие расходи се во функција на подобрување на јавните услуги и подобрување на ифраструктурата.**

**ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРИОРИТЕТИТЕ УТВРДЕНИ ВО ПРОГРАМИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА НОВАЦИ**

**СОВЕТ НА ОШТИНА НОВАЦИ**

**Финансирањето на советот на општината се врши за реализација на следниве надлежности:**

**-Донесување Статут на општината и други прописи;**

**-Донесување на Буџет на општината,Одлука за извршување на буџетот на општините и годишна сметка на општината;**

**-Утврдување на висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општините во границите утврдени со закон;**

**-Основање на јавна служба во рамките на надлежноста на општината и вршење надзор над нивната работа;**

**-Именување на членови на управен одбор;**

**-Усвјување на програми за работа;**

**-Усвјување на извештаи и др.**

**Работата на советот се финансира со износ од 12.154.948,00 денари..**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Финасирањето на градоначалникот на општината за реализација своите надлежности е во износ од 3.266.149,00 денари.**

**ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА**

**Средствата кои се планирани за работата на општинската администрација се во износ од 67.352.547,00 денари.**

## УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

**Тековно-оперативните расходи за урбанистичко планирање се наменети за подготовка на урбанистички планови.Нивниот износ е со 1.000.000,00 денари.**

## КУЛТУРА

**За културни манифестации поврзани со општината,односно нејзино функционирање,предвидени се 100.000,00 денари.**

## СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

**Во тековните активности на општината во областа на спортот спаѓаат следниве активности:**

**-Организирање на спортски приредби и манифестации;**

**-Поддржување на училишниот систем на натпревари;**

**-Поддржување на масовните спортско рекреативни активности на граѓаните.**

## ОБРАЗОВАНИЕ

**Училиштата како буџетски корисник на општината подготвува финансиски планови за своето работење.За основното училиште во општина Новаци се планирани трошоци за плати и тековно-оперативни.**

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

**Преку развојните потпрограми се прикажуваат средствата за повеќегодишни проекти во износ поголем од 1.000.000,00 денари кои се наменети за подобрување на инфраструктурата,патишта,водоводи,канализациони мрежи, партерно уредување, пречистување на отпадни води и др.**

**Општината приоритет му даде на 1 развоен проект Изградба на пат во индустриска зона крак во износ од 19.536.504,00 денари.**

**ПРОКЦИИ НА БУЏЕТ 2026-2027 ГОДИНА**

**Фискалните проекции за наредниот среднорочен период вклучително и 2025 година се базираат и на Економската политика на Република Северна Македонија за одржување на макроеконмска стабилност и потикнување на долгорочно одржливи високи стапки на пораст на бруто домашниот производ.**

**Прокциите за 2026 и 2027 година се прикажани во поделниот дел во прилог на Буџетот за 2025 година.**

**Изготвил:**

**Димитровска Оливера**